# МОНИТОР:

# СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ

*Период:* ***20.11-15.12.2015 г.***

## Спроведување на Политичкиот договор

Динамиката во спроведување на Политичкиот договор е нарушена со пробивањето на роковите, и покрај инсистирањата од претставници на меѓународната заедница за постигнување согласност во „најитно време".[1] Медиумите како главна тема на преговорите за спроведување на Договорот повторно предизвикаа застој во процесот, поради меѓупартиските несогласувања, но и барањата за вклучување на медиумите и новинарските организации.

За независните членови на Државната изборна комисија (ДИК) се постигна согласност по повеќе одложувања.

Според изјавата на олеснувачот Ванхауте, моментално на агендата се законите за медиуми, за Агенцијата за медиуми, МРТВ и глобите за медиумите. Дополнително треба да се преговара за канцеларијата на Народниот правобранител, за Комисијата за спречување на корупција и прашања поврзани со Законот за клевета.[2]

## Владеење на правото и правосудство

### Правосудство

**Специјалното јавно обвинителство** го почитува начелото на транспарентност и редовно ја информира јавноста за својата работа преку сопствениот Facebook профил и прес-конференциите.[3] Специјалното јавно обвинителство во соработка со Министерството за правда изготви предлог-закон за јавнообвинителска служба на ова обвинителство, којшто е неопходен за екипирање со стручен, истражен и административен кадар. Но овој закон сѐ уште не е разгледан на седница на Влада, поради што специјалното јавно обвинителство изрази загриженост за одолговлекувањето на процесот. Иако молкот на институциите продолжи, заклучно со 14 декември сите барани истражители се доделени на ова јавно обвинителство, така што во овој момент вкупниот број на истражители е 13. Поради недобивањето одговор од надлежните институции, наредниот ден специјалното јавно обвинителство поднесе иницијатива до Владата и сите пратеници на Собранието за донесување на овој закон по итна постапка.

Доставените податоци од Јавното обвинителство се анализирани и изготвен е план за динамика на барање на предметите. Најпрво беа побарани пет предмети[4] меѓу кои и случајот „Пуч". Јавното обвинителство

---

[1] Ван Хауте: Партиите денеска може да постигнат договор за експертите во ДИК. Телма. 9.12.2015г. Достапно на: http://www.telma.com.mk/vesti/politichkite-partii-deneska-mozhe-da-postignat-dogovor-za-ekspertite-vo-dik.
Орав:Приоритет на партиите треба да биде договорот за ДИК. Телма. 10.12.2015г. Достапно на; http://www.telma.com.mk/vesti/oravprioritena-partiite-treba-da-bide-dogovorot-za-dik.

[2] Ванхауте: Изборот на експертите на ДИК, почеток на голем исчекор во разговорите. МИА. 15.12.2015г. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/381/132945448.

[3] Член 8 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите: „Јавниот обвинител редовно ќе ја информира јавноста за неговиот/нејзиниот напредок, врамнотежувајќи ги етичките и процедурални обврски одредени со закон и јавниот интерес да се биде информиран за текот на истрагата и гонењето."

[4] До Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поднесено е барање за доставување на предметот заведен под РО бр.90/15, а оформен по поднесена кривична пријава од СДСМ против лицето С.М. за кривично дело – Примање поткуп од чл.357 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот законик и кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот законик, против С.К. за кривично дело – Примање поткуп од чл.357 ст.5 во врска со чл.24 од Кривичниот законик и кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.24 од Кривичниот законик и Х.Х. за кривично дело – Давање поткуп од чл.358 ст.1 од Кривичниот законик, како и предметот заведен под КО бр.25/15 (познат како Пуч). До Основното јавно обвинителство Скопје поднесено е барање за доставување на предметот заведен под РО бр.770/15, оформен по поднесена кривична пријава од СДСМ против Н.Г., Г.Ј., М.Ј. и против НН лица, вработени во Министерството за внатрешни работи за кривично дело – Фалсификување исправа од чл.378 ст.3 во врска со ст.1 од Кривичниот законик и кривично дело – Повреда на избирачкото право од чл.159 ст.2 од Кривичниот законик.
До Основното јавно обвинителство Битола поднесено е барање за доставување на предметот заведен под КО бр.636/15, против В.Т. и С.Б. за кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од Кривичниот законик.
До Основното јавно обвинителство Куманово поднесено е барање за доставување на предметот заведен под КО бр353/15, оформен по поднесена кривична пријава од физичко лице, против НН лице – одговорно лице за комуникации во мобилен оператор и против правно лице за кривично дело – Неовластено прислушување и тонско снимање чл.151 ст.1 и ст.6 од Кривичниот законик.

извести дека покрај побараните предмети, доставени се и останатите предмети што се оформени за кривични дела поврзани и што произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите.[5] На прес-конференцијата одржана на 4 декември, обвинителката Ристовска од Специјалното јавно обвинителство изјави дека ќе постапуваат по предмети за изборни нерегуларности, водејќи се од начелото дека сите граѓани се еднакви пред законот.[6]

Специјалното јавно обвинителство на 14 декември, почитувајќи го законски предвидениот рок од осум дена[7], донесе одлука за засновање стварна надлежност над 34 предмети, вклучително и на предметот познат во јавноста како „Пуч“.[8] За стварна надлежност над предметите „Монструм“, „Диво Насеље“, „Ровер“ ќе се одлучува дополнително, откако ќе бидат прибавени материјалите од незаконски следените комуникации и ќе се пристапи кон нивно преслушување и анализа. Истиот ден, од лидерот на политичката партија СДСМ беше побарано доставување на материјалите од незаконски следените комуникации кои ги поседуваат и за кои тие изразија подготвеност дека ќе ги достават на барање на ова Обвинителство.

Пред **Основното јавно обвинителство – Скопје** е оформен предмет за настанот со наводно фалсификувани лични карти.[9]

Шестата расправа од **случајот „Пуч“** закажана за 2 декември беше одложена поради тоа што тој ден беше прогласен за Ден на дрвото, односно неработен ден. Со тоа беше одложено и стражарното приведување на Зоран Заев.[10]

**Судскиот совет на Република Македонија** на 26 ноември донесе одлуки за избор на претседател на Апелационен суд Скопје и претседатели на Основен суд Берово и Основен суд Радовиш.[11] На седницата беше усвоена нова систематизација на судиски места со која се намалува бројот на судиите од досегашните 740 на 636 судии. Воедно, беа донесени и одлуки за избор на вкупно единаесет судии и тоа шест судии во Апелациониот суд Скопје, по еден во останатите апелациони судови и двајца судии во основни судови.[12] Дополнително, на седницата одржана на 9 декември беа донесени одлука за избор на претседател на Основен суд Струмица и оглас за избор на двајца судии на Вишиот Управен Суд.[13]

На тркалезната маса одржана на 27 ноември, претседателот на **Судскиот совет** изјави дека Извештајот на Европската комисија во делот на судството содржи двојни стандарди. Заклучоците од тркалезната маса се објавени на веб страницата на Судскиот совет.[14]

Судскиот совет на 14 декември донесе заклучок изборот на член на **Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија** од редот на пензионираните универзитетски професори да се спроведе на 28 декември 2015 година.[15] Единствен кандидат е проф. д-р Симеон Гелевски, од Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје.

Во врска со подготовката на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор[16], Министерството за правда на 9 декември организираше консултативна средба со засегнатите страни, на која беа поканети и

---

[5] Соопштение на ЈОРМ. Веб страница на ЈОРМ. 04.12.2015г. Достапно на: http://jorm.gov.mk/?p=2368.

[6] Специјалното обвинителство започнува со предистражните постапки за изборните нерегуларности. МИА. 4.12.2015г. Достапно на: http://www.mia.mk/Mobile/mk/Home/RenderSingleNews/288?newsID=132929201.

[7] Член 11 (3) од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите: „Специјалниот јавен обвинител одлучува во рок од осум дена дали случајот спаѓа во надлежност на Обвинителството.“

[8] Бројот на предмети кои се однесуваат на изборни нерегуларности на кои ова Јавно обвинителство има воспоставено стварна надлежност изнесува 16. Врз предметите на Основното јавно обвинителство Скопје РО.бр.2362/15 и РО.бр501/15 не е воспоставена стварна надлежност и предметите се вратени на постапување на надлежното основно јавно обвинителство.

[9] Соопштение: Основното јавно обвинителство – Скопје постапува во предметот за наводно фалсификуваните лични карти. Веб страница на ОЈО. 9.12.2015г. Достапно на: http://jorm.gov.mk/?p=2390.

[10] Од мониторинг активностите на Коалицијата на здруженија „Сите за правично судење“.

[11] Соопштение од 208-та седница на ССРМ: Веб страница на ССРМ. 26.11.2015г. Достапно на: http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=366.
За претседател на Апелационен суд Скопје е избрана Љиљана Ивановска Шопова, за претседател на Основен суд Радовиш – Костадин Петров и претседател на Основен Суд Берово – Емилија Буриќ. Институтот за човекови права редовно ја мониторира работата на Судскиот совет.

[12] Оглас за избор на судии. 4.12.2015г. Достапно на: http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=369 и http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=371.

[13] Соопштение од 209-та седница на ССРМ. Веб страница на ССРМ. 9.12.2015г. Достапно на: http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=373. За претседателка на Основен суд Струмица е избрана Марина Абрашева.

[14] Заклучоци од тркалезните маси на Судскиот совет на Република Македонија. Веб страница на ССРМ. 27.11.2005 г. Достапно на: http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=367.

[15] Соопштение од 210-та седница на ССРМ. Веб страница на ССРМ. 14.12.2015г. Достапно на: http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=374.

[16] Предлог-стратегијата е изработена со стручна и логистичка поддршка на проектот за подготовка на програмата за поддршка на правосудниот сектор и ИПА 2010 проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“.

претставници од граѓанското општество.[17] Предлог-стратегијата се фокусира на реформски интервенции во неколку области: Судство; Казнено-правен систем; Пристап до правдата и транспарентност; Политика и координација; Управно правосудство; Информациски системи и е-Правда. Дел од изнесените мислења се на линија дека Предлог-стратегијата е напишана со нејасен јазичен стил и создава забуна; се предвидуваат решенија кои по своја суштина имаат потреба од уставни измени како и коренити измени во закони кои се носат со двотретинско мнозинство; во подготвувањето на Предлог-стратегијата не е консултиран граѓанскиот сектор.

На огласот за почетна обука во **Академијата за судии и јавни обвинители** се пријавиле 82 кандидати за вкупно 30 места. За сите пријавени лица Академијата ќе организира подготвителна обука, при што согласно новите законски измени испитот ќе се спроведе преку електронско полагање.

Во рамките на **истражувањето на перцепцијата која адвокатите ја имаат за Академијата за судии и јавни обвинители**, спроведено од Коалицијата „Сите за правично судење“ во месец декември 2015 година, учествуваа 45 адвокати. Од вкупниот број на испитаници: 67% од испитаниците го оцениле како недоволен придонесот на Академијата кон квалитетот на правосудството; 76% не се доволно запознаени со работата на Академијата; 89% од испитаниците сметале дека адвокатите немаат доволен пристап кон обуките на Академијата бидејќи повеќе пати биле одбиени да следат обука; само 38% учествувале на обука организирана од страна на Академијата, иако 57% сметале дека тие обуки би биле полезни; 62% биле задоволни од квалитетот на обуките, но сметале дека треба да се земат повеќе адвокати како обучувачи и да се прилагодат темите и методологијата кон потребите на адвокатите. Адвокатите сметаат дека истакнати членови на Адвокатската комора би требало да станат членови на Управниот и Програмскиот совет на Академијата.

### Следење на комуникациите

По четири неуспешни обиди, на 1 декември **Анкетната комисија за скандалот со прислушкувањето** усвои Деловник за работа.[18] Проблематичното прашање за начинот на носење одлука кога постои изедначеност на гласовите е решено на тој начин што во ваков случај се закажува нова седница на која повторно се гласа и резултатот од ова гласање е конечен. Предвидена е можност седницата да биде затворена за јавноста, доколку се изнесуваат доверливи податоци. Секој член на Комисијата има право да постави три прашања по пет минути, а повиканиот сведок има исто толку време да одговори. За непојавување на сведок не е предвидена санкција.

На седницата одржана на 3 декември, партиите беа повикани да номинираат по три имиња кои ќе бидат повикани како први сведоци.[19] ВМРО-ДПМНЕ побара сведоците кои тие ги предложија да бидат сослушани на седница затворена за јавноста. Претседателот Петре Шилегов изготви јавен распоред за сослушување на сведоците, но ниту еден од повиканите сведоци не се појави на закажаниот термин. Премиерот Никола Груевски го даде својот исказ на седницата одржана на 14 декември, но зад затворени врати. Покрај непојавувањето на повиканите сведоци, Анкетната комисија има потешкотии и при утврдување на дневниот ред согласно кој се одлучува дали повиканиот сведок ќе даде исказ.

**Собраниските комисии за надзор над разузнавачките служби**[20] не одржаа седница во извештајниот период.

## Изборна реформа

Собраниската комисија за прашања на изборите и именувањата на 27 ноември ја утврди листата на пријавени кандидати за членови на **Државната изборна комисија (ДИК)**.[21] На огласот распишан на 16 ноември се пријавиле 52 лица, од кои 12 се кандидати за членови од редот на политичките партии, а 40 се од

---

[17] Членките на Мрежа 23 кои се активни во оваа област беа повикани на консултативниот состанок. Во рамките на идните активности оваа стратегија ќе биде детално анализирана.

[18] Седница бр.1 на Анкетна комисија за скандалот со прислушкувањето. Веб страница на Собрание. 1.12.2015г. Достапно на: http://www.sobranie.mk/sessiondetailsrabotni.nspx?sessionDetailsId=66516875-b315-490f-ba4e-6e9ed8ebe754&date=01.12.2015.

[19] СДСМ како први сведоци пред Анкетната комисија за скандалот со прислушувањето ги предложи Сашо Мијалков, Миле Јанакиески и Мартин Протуѓер, додека пак ВМРО-ДПМНЕ ги предложи Никола Груевски, Зоран Ставрески и Гордана Јанкулоска.

[20] Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање и Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана.

[21] Утврдување Листа на пријавени кандидати по Одлуката за објавување на јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната изборна комисија. Веб страница на Собрание. 27.11.2015 г. Достапно на: http://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=628c4b01-2c8c-4a71-90a8-ec4d70cc73f0.

Проект *Мрежа 23: Следење на итните реформски приоритети* поддржан од Кралството Холандија

Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Kingdom of the Netherlands

редот на независните членови, при што тројца од нив се пријавиле по двете основи.[22] По утврдувањето на листата, политичките партии во рок од три дена ги доставија нивните предлози за членови на ДИК.[23] Во рок од три дена, партиите во работните групи за спроведување на Договорот од Пржино, требаше да постигнат согласност за имињата на независните членови. По пробивање на дадениот рок, на 15 декември беше постигната согласност Реџеп Прекопуца, Атанас Урумов и Александар Чичаковски да бидат независни членови на ДИК.[24] На 16 демократија Собранието ги избра овие кандидати за членови на ДИК, при што Александар Чичаковски е избран за претседател, а Реџеп Прекопуца за негов заменик.

## Деполитизација на јавната администрација

**Дополнителниот заменик министерот за финансии од СДСМ Кире Наумов** на 27 ноември го употреби законското право на вето и не се согласи со најавеното ново задолжување на граѓаните од 100 милиони евра на домашниот пазар.[25] ДИК, како надлежна за решавање на спорот, на 30 ноември донесе одлука дека емисијата од државни хартии од вредност и од државни записи од страна на Министерството за финансии не претставува акт или документ кој се однесува на правни, финансиски и на кадровски прашања поврзани со организација на изборите.[26] СДСМ поднесе тужба пред против ДИК пред Управниот суд, со образложение дека одлуката е незаконска поради ненадлежност на актуелниот состав на ДИК чиј мандат е истечен на 8 ноември.[27]

**Министерот за внатрешни работи од СДСМ Оливер Спасовски** соопшти дека во тек е истрага за индициите за фалсификувани лични карти[28], врз основа на наредба на Јавното обвинителство на РМ.[29] Од МВР информираа дека постојат сериозни индиции и за злоупотреба на одредби од подзаконски акти кои ги регулираат начинот на обезбедување и користење на службени возила на МВР.[30] Врз основа на спроведената истрага, беше констатирано дека повеќе лица незаконски користеле, односно биле под посебна безбедносна заштита на министерството притоа неисполнувајќи ниту еден од нормативно пропишаните критериуми.[31] **Дополнителниот заменик министер од СДСМ во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски** соопшти дека во ова министерство се спроведуваат активности за разоткривања на можни злоупотреби.[32]

**Министерството за труд и социјална политика** изврши вонреден инспекциски надзор во сите Центри за социјални работи низ Република Македонија при што **министерската за труд и социјална политика од СДСМ, Фросина Ташевска Ременски** соопшти дека инспекторите утврдиле голем број на недостатоци во работењето на овие установи.[33]

---

[22] Костадин Бабунски, Снежана Хаџи Паунова и Абедин Беќири се тројцата кандидати што се пријавиле и на двете листи на огласот - и како партиски кандидати и како експерти.
[23] Партиите предложија кандидати за членови на ДИК. МИА. 1.12.2015г. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/50/132921579#.
ВМРО-ДПМНЕ ги предложи Силвана Бонева и Сашо Срцев; СДСМ - Виолета Дума и Игор Милев од СДСМ; ДУИ - Хисни Јакупи и ДПА - Бедредин Ибраими.
[24] Постигнат договор за целосниот состав на ДИК. МИА. 15.12.2015г. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/380/132945461.
[25] СДСМ не се согласи со ново задолжување од 100 милиони евра. Веб страница на СДСМ. 27.11.2015г. Достапно на: http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=2&articleId=12925.
[26] ДИК даде зелено светло за задолжувањето. Новинска агенција МЕТА. 30.11.2015г. Достапно на: http://meta.mk/dik-dade-zeleno-svetlo-za-zadolzhuvaneto/.
[27] Тужба до Управен поради незаконската одлука на стариот состав на ДИК. Веб страница на СДСМ. 15.12.2015г. Достапно на: http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=&articleId=13162.
[28] Новинарот Љубиша Арсиќ од неделникот „Фокус" објави текст во кој тврди дека во текот на минатите избори на две тајни локации во Шуто Оризари и во Штип биле изработени повеќе десетици илјади фалсификувани лични карти.
30.000 лажни лични карти за победа на избори. Фокус. 20.11.2015г. Достапно на: http://fokus.mk/fokus-express/30-000-lazhni-lichni-karti-za-pobeda-na-izbori/.
[29] Спасовски: Во тек е истрагата за индициите за фасифицирани лични карти. МИА. 30.1.2015г. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/50/132919932.
[30] Министерот Спасовски одржа прес конференција и брифинг со новинарите. Веб страница на МВР. 7.12.205г. Достапно на: http://www.mvr.gov.mk/vest/1009.
[31] Соопштение за јавност. Веб страница на МВР. 10.12.2015г. Достапно на: http://www.mvr.gov.mk/vest/1034.
[32] Почнуваме со откривање на злоупотребите. Веб страница на СДСМ. 4.12.2015г. Достапно на: http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=13031.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Михаил Цветков, и дополнителниот заменик министер од истото министерство на 13 декември учествуваа на дебата на ТВ Алсат – М: http://alsat-m.tv/episode/226246/subvencionet-perplasin-ministrin-dhe-zv-ministrin-e-bujqesise.
[33] Вонреден инспекциски надзор во Центрите за социјални работи. Веб страница на МТСП. 9.12.2015г. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-vonreden-inspekciski-nadzor-vo-centrite-za-socijalni-raboti.nspx.

**Дополнителниот заменик министер за информатичко општество и администрација од СДСМ Александар Кирацовски** побара одредбите од Законот за административни службеници во однос на оценувањето, да бидат ставени во мирување.[34] Според него „потребни се квалитетни решенија што ќе ја мотивираат администрацијата да работи, а не одредби за притисоци и злоупотреби во политички цели“. На ова имаше реакција од **Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА)**. Во соопштението објавено на веб страницата на МИОА појасни дека циклусот на „оценување” за 2015 година требало да започне во декември 2014 година, а во тој период Законот за административни службеници сè уште не бил влезен во примена, така што „оценувањето” за 2015 година е пилот-оценување со кое нема да се изрекуваат мерки за одличен и слаб учинок.[35]

## Медиуми

Нема напредок во преговорите за реформа на медиумите и сите рокови за постигнување договор се пробиени.[36] Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Независниот синдикат на новинарите (ССНМ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), незадоволни од тоа што политичките партии се договораат зад затворени врати и без учество на новинарите и медиумските работници, на 25 ноември организираа протест пред Клубот на пратениците.[37] Претставниците во работната група на СДСМ изразија поддршка за ваквите барања и соопштија дека предлогот за вклучување на медиумите и новинарските организации ќе го ставaт на изјаснување на другите учесници во преговорите.[38]

Олеснувачот Ванхауте на 30 ноември презентираше нацрт-закон за медиуми. Нацртот предвидува членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (АВМУ) да бидат професионалци и експерти кои треба да обезбедат и поддршка од фелата и од други организации посветени на медиумите, а да се избираат со двотретинско мнозинство во Собранието на РМ врз основа на јавен конкурс. Избраните членови би имале мандат од пет години со можност за реизбор. Директорот на АВМУ би се именувал од страна на Советот и би имал намалени надлежности. Во случај на прекршување на правилата од страна на некој медиум, Советот би започнал дијалог со медиумот, при што првата мерка би била предупредување, а лиценца би се одзела само во случај на ригорозни прекршувања. На сличен начин би се избрале и членовите на Програмскиот совет на МРТ. Во однос на финансирањето на јавниот сервис се предлага укинување на радиодифузната такса и финансирање од државата во износ од 1% од Буџетот.

На 1 декември, ВМРО-ДПМНЕ ги напушти преговорите и во своето соопштение нагласи: „Нема да дозволиме граѓаните на Република Македонија, кои имаат слобода на информирање, како и сите медиуми во земјава, кои имаат слобода на говор, да бидат жртви на тоталитарната идеологија на СДСМ и фашистичките закони кои сакаат да ги воведат во Македонија“.[39] Партијата се врати на преговарачката маса на 3 декември и побара од новинарските и медиумските здруженија и другите невладини организации да доставaт свои предлози за реформи во медиумската сфера. Предлози доставиле ЗНМ и МИМ. Според најавите, преговорите продолжуваат на 16 декември, по завршувањето на лидерската средба на која беше договорен составот на ДИК.

Основниот суд Скопје 2 Скопје на 9 декември при повтореното судење по тужбата за клевета и навреда[40] поднесена од ексминистерка за внатрешни работи Гордана Јанкуловска против Петре Шилегов од СДСМ донесе пресуда според која Шилегов треба да ѝ плати на Јанкуловска отштета во износ од 200 илјади денари.[41] Претходно, Апелациskiот суд ја укина првостепената пресуда за исплаќање отштета од 500 илјади денари.

[34] Барам Груевски веднаш да прекине со казните за администрацијата. Веб страница на СДСМ. 16.12.2015г. Достапно на: http://sdsm.org.mk/default.aspx?articleId=13173&mId=55&agId=6.
[35] Реакција на МИОА. Веб страница на МИОА. 16.12.2015 година. Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=node/4100.
[36] Од мониторинг активностите на Фондацијата НВО Инфоцентар.
[37] Јавноста треба да знае што договараат партиите за медиумите. ЗНМ. 26.11.2015г. Достапно на: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/930.
[38] Бараме медиумите и невладините организации да бидат дел од преговарачкиот процес. Веб страница на СДСМ. 30.11.2015г. Достапно на: http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=12960.
[39] Заев и СДСМ денес манифестираа невидена дрскост, деструктивност и немање основен демократски и плуралистички капацитет. ВМРО-ДПМНЕ. 1.12.2015г. Достапно на: http://vmro-dpmne.org.mk/?p=28486.
[40] Јанкуловска ја поднесе тужбата за клевета и навреда против Шилегов во септември 2014 година, поради изнесување невистини во јавноста со кои се тврди дека откако стапила на министерска функција во МВР, само во станови го зголемила имотот за 200.000 евра.
[41] Од мониторинг активностите на Фондацијата НВО Инфоцентар.